На 14 јули, не го пропуштајте вториот

**Startup Grind Skopje powered by Google for Entrepreneurs**
| Организирано од Clear View Business Training Center |




Како до почетна инвестиција? Што е потребно за тим на пријатели да стане победнички стартап тим? Што сакаат инвеститорите да видат од еден стартап?

**Зачувајте ја датата:** На 14 јули, понеделник, од 18 до 21 часот се случува вториот Startup Grind Skopje.

**Кои се говорници на настанот?**

**Иван Ивановски, CEO на Tesseract Interactive,** стартап-от кој цели да ја врати возбудата која ја имавте кога прв пат игравте Супер Марио и Пак-ман. Во 2013 година Tesseract Interactive, добија инвестиција од 30 000 долари и менторство од акцелераторот во Софија, LaunchHub. Сега работат на нова верзија на играта Excubitor.

**Теми за кои ќе зборуваме:**

- Од тим од шесторица другари до стартап: како да започнеш со стартап со пријатели, чекор-по-чекор?
- Балканскиот пазар на развој на видео-игри: кои се предизвиците?
- Патот до инвестиција и менторство: како Tesseract Interactive ја доби инвестицијата од 30 000$ од LaunchHub?

По презентацијата на Иван, **Гораст Цветковски од GG.mk** ќе открие неколку тајни околу атмосферата на гејминг пазарот и GG видео подкастот за гејмингот како центар на универзумот. Интернет телевизија која ќе се труди да ја оформи и повторно издигне на завидно ниво гејминг заедница во Македонија. Доказ дека работа и задоволство одат заедно!

Ќе ја чуеме и перспективата на бизнис ангелите: со нас ќе биде **Жарко Поп-Илиев, претставник на правата македонска мрежа за бизнис ангели,** кој носи искуство во структурирање на повеќе инвестициски зделки, ментор на неколку стартапи, инструктор за Lean Launch Tab (running lean and customer development)...

Настанот ќе го затвориме со вмрежување.

**Што е Startup Grind?**
Нешто како TED за луѓе кои работат на развој на бизнис.

Startup Grind е глобална заедница која едуцира, поврзува и инспирира претприемачи. Поддржана е од Google for Entrepreneurs.

**Што е Startup Grind Скопје?**

Startup Grind Скопје е локално претставништво на глобалната Startup Grind заедница.

Активна е во 100 градови низ светот. Меѓу другите, говорници биле основачот на Pinterest, LinkedIn, Digg, Meetup, Basecamp, EventBrite и познатите Steve Blank и Clayton Christensen.

Повеќе за Startup Grind може да прочитате на Forbes, Techcrunch, The Wall Street Journal како некои од светски најпознатите медиуми за бизнис, технологија и економија.

Во Скопје го организира Clear View BTC, лиценциран бизнис тренинг центар.

Целта на Startup Grind Скопје е да се поврзат сите луѓе кои работат (или имаат аспирација да работат) на креирање на успешни бизнис приказни во Македонија.

## Што да очекувате?

**Подгответе се за месечни настани на кои:**

- ќе споделуваме интересни приказни од иноватори, претприемачи и едукатори. Секој настан е комбинација на вмрежување со храна и пијалоци за сите и „fireside chat" - презентирање на сочните практични детали од развојот на една бизнис приказна. Секој месец ќе имаме различен инспиративен говорник.
- ќе поврзуваме бизнис партнери, клиенти, поддржувачи, инвеститори...
- ќе развиваме пријателства и вредни конекции.

## Настаните се особено интересни за:

- претприемачи
- менаџери и сопственици на бизниси
- стартап ентузијасти: луѓе кои имаат или бараат идеја да развијат во бизнис
- ИТ професионалци
- дизајнери и маркетинг нинџи
- инвеститори

## Скопје не е Силициумска долина за бизниси. Затоа и ваква заедница е многу важна.

Филозофијата на Startup Grind е дека не мора да живееш во Силициумската долина да бидеш основач на брилијантна компанија. Такви примери има насекаде во светот - само треба да ги пронајдеме, и да им дадеме можност да ја раскажат приказната пред луѓе кои може да имаат вредност од тоа.

Ние, во Clear View BTC, работиме во Скопје и Македонија да креираме еден екосистем во кој фокус ќе ставиме на инспирирање, поддршка и едукација за успешни бизнис примери. Веќе 9 години им помагаме на бизнисите, претприемачите и менаџерите со високо квалитетни тренинг и консултантски услуги според светски докажани програми како Adizes, HubSpot, FranklinCovey...

**Startup Grind Skopje е најновата програма поддржана од Google for Entrepreneurs, која советуваме никако да не ја пропуштате!**

## Претходни говорници и пријатели на Startup Grind Skopje

Говорници: Иван Димоски од TweetsPie, Крис Павловски од Cosmic Development & Rumbe.com, Јасмина Поповска - Фонд за иновации и технолошки развој, Зорица Стаменковска - Агенција за млади и спорт

Медиумски партнери: | It.com.mk | Telegraf.mk | Telefoni.com.mk | Андроид Македонија | Нова Македонија | Think.mk | Македонско Радио Радио Скопје | Сител |

Спонзори и партнери: Matrix Global, Semos Education, FINKI, Macedonia2025

## Како да се регистрирате?

Спакувајте ја Вашата позитивна енергија и желба да успех, и подготвени сте за вториот Startup Grind Skopje настан.

- Влезниците се во продажба 490 денари. Во котизацијата е вклучена 3 часовна програма, пијалок и 'finger food', дружба

и стекнување ~~нови контакти~~ нови пријателства, споделување на информации и знаења, и отварање на можности за идна соработка.

Да резервирате билет пополнете го формуларот достапен најдолу на страницата, купете онлајн директно од Startup Grind страницата, или пишете ни на info@clearview.com.mk или 2 461 477 или 070 29 44 19.

Може да одите на кино и пуканки. А, може да дојдете и да бидете дел од настанот со луѓе кои ја креираат македонската успешна бизнис сцена.

Се гледаме на 14 јули!

**Лице за контакт Ирена Ефремовска, Clear View BTC | 2 461 477 и 070 29 44 19 |** info@clearview.com.mk **и Фејсбук**